**ГРАД СКОПЈЕ**

ПРЕДЛАГАЧ: Совет за заштита на потрошувачи
на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Совет за заштита на потрошувачи
на Град Скопје

ПРЕТСТАВНИК:
Претседател на Совет
за заштита на потрошувачи
на Град Скопје

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Скопје, Јануари 2024 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), а во врска со член 175 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 236/2022), на предлог на Советот за заштита на потрошувачите, Советот на Град Скопје на седницата одржана на ден ________ 2024 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Заштитата на потрошувачите во Република Северна Македонија датира од 2000 година кога се донесе првиот Закон за заштита на потрошувачите. Во 2004 година беше донесен вториот Закон за заштита на потрошувачите а во 2022 година заради усогласување со правото на Европската унија е донесен новиот Закон за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.236/2022). Покрај овој закон, правата на потрошувачите се штитат и со Законот за облигационите односи, како и со посебните закони во голем број области: правата на пациентите, безбедноста на храната, електронските комуникации, животната средина, домувањето, туристичките патувања, финансиските услуги, комуналните дејности и други области кои не се експлицитно препознаени како дејности со кои се уредени правата на потрошувачите.

Политиката за заштита на потрошувачите се спроведува од 2005 година преку досега усвоените двегодишни Програми за заштита на потрошувачите за чие спроведување е надлежно Министерството за економија.

Потребата од креирање на потрошувачки политики на локално ниво се базира првенствено на процесот на децентрализација, преку преземање на надлежности од централната и нивно пренесување на локалната власт, со што одредени подрачја кои се од исклучително значење за процесот на заштита на потрошувачите (образованието, здравството, локалните пазари, социјалата и сл.) и комуналните услуги на локално ниво, претставуваат значителен интерес за граѓаните – потрошувачи.

Досега беа донесени програмите за заштита на потрошувачите на Град Скопје за 2014-2015 година, за 2016-2017, 2018-2019, 2020-2021 и 2022-2023 година. Со усвојувањето на Програмата за заштита на

потрошувачите за 2024 година, продолжува заложбата за Советот на Град Скопје за подобра заштита на потрошувачите на ниво на Град Скопје со што се исполнува и законската обврска согласно Законот за заштита на потрошувачите и Законот за локалната самоуправа.

Со Програмата за заштита на потрошувачитеза 2024 година се задолжуваат Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје, сите органи, тела, установи и други организации и институции кои делуваат на територијата на Град Скопје во извршувањето на нивната дејност да ги почитуваат аспектите на заштитата на потрошувачите утврдени со правната рамка, Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Северна Македонија и оваа Програма.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на Програмата за заштита на потрошувачите е подигање на нивото на заштитата на потрошувачите во Градот Скопје.

## III. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во 2024 година во рамките на оваа Програма ќе бидат реализирани следните активности:

1. Организирање советување за заштита на потрошувачите согласно Законот за заштита на потрошувачите;
2. Анализа на проблемите на граѓаните согледани низ спроведените советувања и давање предлози до Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје за утврдување приоритети на делување;
3. Подготовка и интернет кампања и промоција на информативни материјали за правата на потрошувачите врз основа на утврдени приоритети за информирање согледани преку советувањето на потрошувачите, и тоа поделен по месеци;
4. Спроведување на кампања за јакнење и подигање на свеста на потрошувачите во одредени домени на заштитата на нивните права, согласно утврдените приоритети со Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје преку организирање на сеопфатен настан;
5. Издавање на е-магазин со актуелни потрошувачки теми со кои ќе се информираат потрошувачите за нивните права и ќе се советуваат за како превентивно да се однесуваат при набавка на производи и услуги;

6. Реализирање на активности со јавните претпријатија на ниво на град Скопје со цел унапредување на квалитетот на услугите;
7. Јакнење на соработката со бизнис заедницата преку стопанските комори;
8. Соработка на Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје со Советите за заштита на потрошувачите на општините и Советот за заштита на потрошувачите на Владата на Република Северна Македонија и реализирање на заеднички активности за унапредување на заштитата на потрошувачите;
9. Спроведување на други активности во координација со потрошувачката политика на Владата на Република Северна Македонија кои ќе се јават како приоритет согласно барањата на ЕУ врз основа Поглавјето 28 – Заштита на потрошувачи и јавно здравје;
10. Платена медиумска кампања (реклами) на Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје со цел поширока застапеност на правата на потрошувачите, што произлегува од Закон за заштита на потрошувачите на интернет портал и web портал.

Во периодот на имплементација на оваа Програма, Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје ќе работи и на други активности, доколку тоа го налагаат настанатите состојби, односно потребите на граѓаните - потрошувачи.

## IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

При имплементацијата на Програмата ќе им помогнат службите на Град Скопје, потрошувачки и сродни невладини организации, како и инспекциските органи кои делуваат во Град Скопје, во рамките на нивните надлежности и мисија.

За реализација на Програмата, Советот ќе донесе Акционен план за 2024 година.

Во периодот опфатен со Програмата Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје, тесно ќе соработува и ќе ги координира активностите со Советот за заштита на потрошувачи на Владата на Република Северна Македонија и со невладиниот сектор.

Во процесот на имплементација на Програмата за заштита на потрошувачите, Советот за заштита на потрошувачите ќе остварува соработка со медиумите со цел да се информира јавноста за Програмата и активностите кои се преземаат.

V. НАДЗОР

Имплементацијата на оваа Програма ќе ја следи Советот за заштита на потрошувачи на Град Скопје. Претседателот на Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје за процесот тековно ќе го информира градоначалникот и претседателот на Советот на Град Скопје за реализација на Програмата, а во текот на декември од секоја тековна година ќе поднесува и годишен извештај пред Советот на Град Скопје.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За финансирање на оваа Програма се обезбедени средства од Буџетот на Град Скопје за 2024 година во износ од 450.000,00 денари.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Град Скопје.

Број _________
________ 2024 година
Скопје

Совет на Град Скопје
Претседател
Трајко Славески
______________________

Образложение

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02) советот е надлежен за донесување одлуки. Согласно член 175 од Законот за заштита на потрошувачите (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/2022), Советите за заштита на потрошувачите предлагаат локални едногодишни програми за заштита на потрошувачите, кои ги усвојуваат советите на општините односно Градот Скопје.

Целта на реализација на Програма за заштита на потрошувачите на Град Скопје за 2024 година: е подигање на нивото на заштитата на потрошувачите во Градот Скопје преку реализација на активностите предвидени во програмата, кои се однесуваат на информирање и едукација на потрошувачите за нивните права и начините како да ги остварат своите права, информирање на потрошувачите за нивните права и обврски при секојдневното склучување на потрошувачки договори што ќе значи и намалување на проблемите на потрошувачите, едукација на потрошувачите во специфични домени од потрошувачкото право со цел опфаќање на сите делови на заштитата на правата на потрошувачите, започнување или подобрување на соработка со институции кои работат во доменот на заштита на потрошувачите, како и со трговците кои нудат стоки и услуги на пазарот, со што ќе се зголеми нивото на заштитата на потрошувачите и почитувањето на нивните права, соработка со јавните комунални претпријатија на Град Скопје (ЈП Водовод и канализација, ЈП Комунална хигиена, ЈП Градски паркинг, ЈП Улици и патишта, ЈСП Скопје, ЈП Паркови и зеленило) како и другите претпријатија кои нудат комунални услуги на потрошувачите, а функционираат на подрачјето на Град Скопје со цел да се приближат претпријатијата до потрошувачите, да се изнајдат брзи и едноставни начини на поднесување на приговори и решавање на потрошувачките проблеми.

За финансирање на оваа Програма се обезбедени средства од Буџетот на Град Скопје за 2024 година во износ од 450.000,00 денари.

Имајќи во предвид горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Предлог Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за 2024 година.

Совет за заштита на
потрошувачите на Град Скопје

Претседател

____________________